IOM
UN MIGRATION

# прирачник

ЗА ОБУКА
ЗА ПРАВНА
СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА
ЗА УЧЕНИЦИ ВО
ЗАВРШНА ГОДИНА
НА ОСНОВНОТО
ОБРАЗОВАНИЕ
И ВО СРЕДНОТО
ОБРАЗОВАНИЕ

# doracak

PËR TRAJNIM
NË TEMËN E
SOCIALIZIMIT
JURIDIK PËR
NXËNËSIT NË
VITIN E FUNDIT
TË ARSIMIT FILLOR
DHE TË MESËM



# ПРИРАЧНИК

## ЗА ОБУКА ЗА ПРАВНА СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА ЗА УЧЕНИЦИ ВО ЗАВРШНА ГОДИНА НА ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

# содржина


I
ВОВЕД КОН ПОИМОТ НА ПРАВНА СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА стр. 4

II
ПОИМНИК НА УПОТРЕБЕНИ ПОИМИ И ИЗРАЗИ ВО ПРОГРАМАТА ЗА ОБУКАТА стр. 8

III
МЕТОДОЛОГИЈА НА ПОДГОТОВКА И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОБУКАТА стр. 18

IV
МОДЕЛ ПРОГРАМА ЗА ОБУКА ЗА ПРАВНА СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА стр. 22

# ВОВЕД

## КОН ПОИМОТ НА ПРАВНА СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА



Правната социјализација е процес низ којшто луѓето, а особено младите луѓе, го развиваат својот однос односно стекнуваат знаења и градат ставови за правото односно правните институции, правните процеси (законитостите според кои дејствува правото) и правните вредности во еден конкретен правен поредок или во група на правни поредоци со заеднички карактеристики.

Односот кон правото односно градењето на ставовите може да се одвива на два начина: хетерономно и автономно. Хетерономното градење на ставовите се одвива поради страв односно закана од употреба на сила или фактичка употреба на сила и останати репресивни мерки од страна на државата односно нејзините институции што се законски овластени тоа да го прават.

Автономоното градење на ставовите се одвива преку учење, критичко расудување и убедување, градење на консензус за правните односно државно-правните институции, процеси и вредности. Најважен систем што го овозможува

автономното градење на ставовите е образованието, како формалното, така и неформалното образование. Се разбира, самиот образовен систем треба да биде организиран врз демократски начела односно наставата и обуката да се спроведува преку критичка анализа на општествената стварност, но и да се дозволува простор за плурализам на идеите и ставовите и критика кон доминантните мислења и ставови. Автономното градење на ставовите не резултира со едноставно прифаќање на постоечкиот државно-правен поредок, туку посакуваниот резултат е прифаќање на институционалниот пат во менувањето на поредокот и градењето на нови општозадолжителни правила. Во таа смисла, автономното градење на ставовите за поредокот е најдобра гаранција за усвојувањето на мирот, слободата и редот како легитимни вредности на правниот поредок и избегнување на радикализација односно омраза и нетрпеливост, како и насилство мотивирано од радикални идеологии.

Повеќето современи општества се базираат врз социјални различности. Нивното прифаќање не подразбира непостоење на заеднички институции и вредности. Токму правниот поредок, неговите институции, но и вредности, се најзначајната рамка што ги обединува луѓето во нивните различности. Тоа особено важи за доминантно мултикултурните општества со изразени етнички, верски, лингвистички и расни различности. Македонското општество е пример за мултикултурно општество според своите карактеристики. Затоа, правната социјализација треба да биде една од основните задачи на формалното образование во рамките на образовниот систем и тоа не само во средното образование, туку и во основното образование.

Правната социјализација е основа за изградба на свеста кај младите луѓе за автономно градење на ставовите за државно-правните институции, процеси и вредности. Оттаму, овој прирачник е скромна, но значајна основа за воведување на правната социјализација како задолжителна содржина во формалното образование на учениците во основните и средните училишта во Република Северна Македонија.



# ПОИМНИК

## НА УПОТРЕБЕНИ ПОИМИ И ИЗРАЗИ ВО ПРОГРАМАТА ЗА ОБУКАТА

# II

## 1.

**Државата е општествена заедница** и го претставува организираниот дел на општеството наспроти цивилната (граѓанската) сфера односно неорганизираниот дел на општеството. Основни карактеристики (белези) на државата се постоењето на државна територија, население и јавна власт. Јавната власт е клучната дистинктивна категорија што ја одделува државата од другите општествени структури. Јавната власт го поседува својството на суверенитет. Суверенитетот подразбира правна надреденост на државната власт врз останатите општествени структури и нејзина независност во однос на други суверени власти во меѓународниот поредок (други држави). Државата може да се определи и како поредок на институции што ја вршат јавната власт.

## 2.

**Државјани се лица кои поседуваат државјанство** на една држава. Државјанството е правна врска меѓу државата и граѓанинот со права и обврски и за државата и за граѓанинот. Сепак, положбата на државата и граѓанинот не е рамноправна бидејќи државата настапува од позиција на суверенитетот (правна надреденост). Вообичаено, државјанството се стекнува според неколку принципи: начело на крвна врска односно според раѓање од родител/родители државјани на одредена држава, начело на раѓање на територија на определена држава и начело на натурализација односно природување/стекнување на државјанство на одредена држава со исполнување на определени услови. Државјанството се губи со смрт, отпуст од државата по барање на државјанинот или одземање на државјанството од страна на државата.

## 3.

**Странци се лица** кои привремено или постојано се настанети на територијата на одредена држава, но не поседуваат нејзино државјанство.

## 4.

**Демократијата е начин на управување со државата** односно вид на организација на власта во државата. Современата демократија подразбира власт на мнозинството, заштита на малцинството (политичкото малцинство, но и малцинствата според други основи како културните малцинства односно етничките, верските, јазичните и други малцинства или малцинства според лични определби како, на пример, сексуална ориентација), и слобода на критика и опозиција на власта (суштински простор за фер политички натпревар и можност за менливост на власта).

## 5.

**Активно и пасивно избирачко право** се видови на избирачки права. Активното избирачко право е можност да се избира, а пасивното избирачко право е можност да се биде избран на определена јавна функција.

## 6.

**Посредна и непосредна демократија** се видови на демократско управување. Посредната или претставничка демократија вклучува претставништво во остварувањето на власта од страна на граѓаните односно граѓаните учествуваат во извршувањето на власта преку избрани претставници на слободни и фер избори со еднакво право на глас за секој избирач. Најважно претставничко тело е парламентот, каде граѓаните ги избираат своите претставници на непосредни избори. Непосредната или директна демократија е директно остварување на власта од страна на граѓаните без посредство на избрано претставништво.

## 7.

**Најчести облици на непосредната демократија** се референдумот, граѓанските законодавни иницијативи и граѓанските собири. Референдумот е изјаснување на граѓаните за донесување на политичка одлука преку гласање со „за" или „против" за поставеното прашање. Референдумското прашање мора да биде афирмативно формулирано на јасен и недвосмислен начин, а за секоја одлука треба да се постави посебно прашање.

Референдум на централно ниво распишува парламентот, а реферндум на локално ниво распишуваат институциите на локалната самоуправа. Во нашата држава, Република Северна Македонија, уставот определува за кои прашања Собранието е должно да распише референдум како неопходен дел од постапката за донесување на одлука. За другите прашања Собранието може да одлучи да распише референдум во согласност со уставот и законот. Граѓанските законодавни иницијативи и петициите се уставна и законска можност граѓаните да се јавата како овластени предлагачи на закон или да покренат разгледување на определено прашање. На пример, во правниот поредок на Република Северна Македонија, најмалку 150.000 избирачи може да поднесат предлог за измена на уставот или најмалку 10.000 избирачи може да предложат донесување на закон. Граѓанските собири се можност граѓаните на собир на граѓани да донесуваат одлуки. Такви форми на одлучување, најчесто, се предвидени во локалната и, особено, во месната самоуправа.

## 8.

**Автократија и тоталитарна држава** се видови на недемократско управување со државата. Автократијата е традиционален недемократски систем и, во основа, значи концетрација на власта во рацете на едно лице или мала група односно олигархиска структура. Тоталитарната диктатура е феномен на 20 век и подразбира бришење на границата меѓу јавната и приватната сфера во општеството преку доминација на определена идеологија која ги опфаќа сите сфери на оппштетсвеното живеење, вклучува негација на индивидуалните слободи и права и ги поставува индивидуите во состојба на целисна покорност кон државната власт, најчесто во лицето на еден диктатор. Најпознати форми се болшевичкиот комунизам, фашизмот и нацизмот. Историски, најопасна форма е нацизмот бидејќи вклучува и расизам со насилна елиминација на население кое е етнички и верско различно од доминантната популација.

## 9.

**Правото е збир на норми** што ги донесуваат институциите на јавната власт и чијашто примена ја гарантираат институциите на јавната власт, во крајна мерка, и со употреба на легална принуда.

Правните норми се општозадолжителни правила што ги уредуваат општествените односи. Нивни основни делови се диспозицијата (општозадолжителното правило за поведение) и санкцијата (правната последица доколку не се примени диспозицијата, позната како казна). Правните норми се хирерахиски организирани во пирамидата на правниот поредок. Повисоките норми во хиреархијата на поредокот ја определуваат формата, постапката за донесување и содржината на пониските норми во правниот поредок. На врвот на пирамидата на правниот поредок се уставните норми, под нив се законските норми, потоа подзаконските општи правни норми, потоа поединечните и конкретните правни норми и на дното се материјалните дејствија за примена на правото во согласност со правните норми.

## 10.

**Односот кон правото** односно градењето на ставовите може да се одвива на два начина: хетерономно и автономно. Хетерономното градење на ставовите се одвива поради страв односно закана од употреба на сила или фактичка употреба на сила и останати репресивни мерки од страна на државата односно нејзините институции што се законски овластени тоа да го прават.

Автономното градење на ставовите се одвива преку учење, критичко расудување и убедување, градење на консензус за правните односно државно-правните институции, процеси и вредности.

## 11.

**Обичајните норми** се правила за поведение што ги содава неорганизираното општество односно граѓанското општество. Тие се создаваат на спонтан односно стихиен начин, а нивната примена не е гарантирана од државните институции. Обичаите настануваат со подолготрајно повторување на определени поведенија од страна на поголеми или помали општествени групи кои заедно живеат. Обичаите регулираат различни општествени односи.

**Религиозните норми** се правила за поведение во рамките на еден систем на верувања (религија). Тие се содржани во верските догми што, најчесто, се наоѓаат во верските книги или настануваат како резултат на толкувањата на верските догми од страна на верските институции.

## 12.

**Правни акти** се средства за создавање, применување и толкување на правото. Правните акти ги донесуваат институциите на јавната власт. Правните акти се хирерахиски организирани во пирамидата на правниот поредок зависно од положбата на нормите што се се создаваат со определениот правен акт. На врвот на правниот поредок е уставот, под него се законите, потоа подзаконските општи правни акти и, на крај, поединечните и конкретните правни акти.

## 13.

**Уставот е највисок правно-политички акт** што го донесува редовното претставничко тело (парламентот) или посебно уставотворно тело во посебна уставотворна постапка.

Постапката за донесување на устав е сложена и долготрајна поради важноста на уставот во правниот поредок.

Со уставот се регулираат основните општествени односи, а пред се основните права на човекот и граѓанинот и нивната примена и заштита, основните карактеристики на државата, организацијата на државната власт, основите на економските односи, основите на меѓународните односи на државата, одбраната и безбедноста на државата и состојбите на исклучок (воена и вонредна состојба) и постапката за донесување на нов устав или менување на постојниот устав. Уставт е најчесто во пишана форма и кодификуван (во еден акт), иако, во некои правни поредоци, уставните правила може да се содржат во повеќе акти или да не бидат во пишана форма (уставниот поредок на Велика Британија).

## 14.

**Закон** е највисок правен акт после уставот што го донесува законодавниот орган (парламентот), по правило, во пишана форма и во посебна законодавна постапка. Постапката за донесување на законот е релативно сложена поради важноста на законот во правниот поредок.

Законот регулира најразлични односи, а што точно ќе биде регулирано со еден закон е директно предвидено со уставот или е одлука на законодавниот орган во согласност со уставот. Законодавната постапка вклучува повеќе фази и тоа законодавна иницијатива, предлог за донесување на закон, разгледување на предлог законот, усвојување на законот, прогласување на законот, објавување на законот во службеното гласило и стапување во сила на законот.

# 15.

**Концептот на човековите права и слободи** има долга историја, но неговиот вистински настанок е во ерата на просветителството и филозофијата на рационално ссфатеното природно право. Имено, филозофите како Џон Лок или Жан Жак Русо сметале дека луѓето се раѓаат слободни со природни права што не се подарени од никого односно од државата (имаат предегзистентен карактер во однос на државата), туку луѓето ги поседуваат со самиот факт дека се луѓе. Лок ги издвојува правото на живот, правото на слобода и правото на сопственост како централни и основни природни права.

**Човековите права и слободи** за, прв пат, се систематизирани во еден правно-политички документ за време на Големата граѓанска револуција во Франција во 1789 година, во рамките на Декларацијата за правата на човекот и граѓанинот. Во втората половина на 19 век и првата половина на 20 век постепено се развива концептот на човековите права, а особено значајни се првите Женевски конвенции за правата на болните и повредените војници во воени услови и правата на воените заробеници.

Но, интензивниот развој во современи услови е поврзан со ужасите и страдањата за време на Втората Светска Војна и невидени нацистички злосторства. Во 1948 година Организацијата на Обединетите нации ја донесува Универзалната декларација за човековите права, а во 1951 година Советот на Европа ја донесува Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи. Оваа конвенција на Советот на Европа освен регионално значење за Европа, значајна и и за развојот на меѓународното право за човековите права бидејќи со неа, за прв, пат се воведува наднационална судска институција, Судот за човекови права во Стразбур, којашто овозможува судска заштита на наднационално ниво на правата и слободите гарантирани со конвенцијата.

# 16.

**Личните права и граѓанските и политички права** ги вклучуваат правото на живот, правото на слобода, забраната на тортурата и нечовечкото и понижувачко однесување, заштита од дискриминација, пристапот до правдата и правото на судење во пропишана постапка од независен и непристрасен суд вклучувајќи ги и останатите права на обвинетите и осудените лица, слобода на вероисповеста, личните политички права (право на собирање и здружување, слобода на изразување, избирачко право и право на пристап до јавни функции и други права).

Економските и социјалните права ги вклучуваат право на работа, права што произлегуваат од работниот однос, право на синдикално здружување, право на штрајк, право социјална заштита, социјално обезбедување и осигурување за старост или во случај на болест или трајна спреченост за работа, посебни права за заштита на мајчинството и правата на децата, право на образование и други права.

Културните и малцинските права вклучуваат заштита на културните (етнички, верски, јазични и други малцинства) малцинства од дискриминација, право на слободно развивање на културата на малцинствата , вклучувајќи и право на употреба на јазикот, образование на својот јазик и практикување на обичаите и традициите и други права.

# 17.

Постојат различни **теории за целите на казнувањето**, но, несомнено, основна цел на казнувањето е санкционирање на противзаконитото поведение односно стореното кривично дело како еден вид одмазда на заедницата кон поединецот за стореното зло. Се разбира, покрај оваа основна цел на казнувањето, тоа има за цел и спречување на сторителот да врши кривични дела и негово превоспитување (специјална превенција) и воспитно да се влијае врз другите да не вршат кривични дела (генерална превенција). Ресоцијализацијата е настојување со различни методи деликвентот да се убеди на слобода да се однесува согласно со правните прописи, но и тој да се превоспита за автономно да го усогласи своето однесување со нормативните барања на општеството, а не само поради стравот од казна.

# МЕТОДОЛОГИЈА

# НА ПОДГОТОВКА И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОБУКАТА

# III



Обуката за правна социјализација е наменета за ученици во завршното одделение на основното образование, но може да биде користена (со соодветна адаптација на пристапот во усвојувањето на знаењата, градењето на лични ставови и развивањето на вештини согласно со возраста на учениците) и за учениците на првите две години од средното образование. Содржината на обуката е прилагодена и на наставната програма по предметот **граѓанско образование** и претставува содржинско продолжување на програмата.

Содржината на обуката им овозможува на слушателите да се стекнат со знаења, да изградат лични ставови и да се стекнат со практични вештини за основите на државно-правниот поредок на нашата држава, но и со општи знаења за современите демократски правни поредоци засновани врз принципот на владеењето на правото односно правната држава.

Оттаму, основната цел е слушателите да се социјализираат со државно-правниот поредок преку градење свест и личен став за својот статус на граѓани, еднакви

во правата и обврските односно еднакви пред законите. На тој начин значително ќе се придонесе во избегнување на можната алеинација односно оттуѓување на младите луѓе од институционалните механизми за решавање на сите можни лични и општествени конфликти.

Алтернативата на социјализацијата со правниот поредок е, многу често, радикализација на младите луѓе и барање на одговори голем број на општествени прашања во радикални идеологии. Недостатокот на ефикасен механизам за правна социјализација, а една од најефикасните алатки за правна социјализација е образованието на младите луѓе, доведува до зајакнување на предрасудите кон различностите во општеството. Силните предрасуди создаваат простор за пенетрација на радикални идеологии и ставови, а прифаќањето на радикалните ставови и идеологии е најважниот чекор кон трансформација на идеологијата во насилство мотивирано од идеолошка омраза и нетрпеливост (вклучувајќи верска, политичка или друг тип на омраза и нетрпеливост).

Обуката е организирана во еден работен ден поделен во пет наставни часови од 45 минути. Пожелно е после секој наставен час да има кратка пауза од околу 10 минути, а после третиот час да има подолга пауза од околу 20 минути. Секој час е организиран во три дела: воведен дел, кадешто слушателите преку дискусија или групна односно индивидуална работа се запознаваат со содржината на часот и се испитуваат нивните предзнаења, но и ставови во однос на темата. Следи, главниот дел во кој предавачот ја презентира темата (со препорака во текот на презентацијата со кратки прашања да ги вклучува слушателите) и завршен дел во кој предавачот преку дискусија го сумира презентираното или преку индивидуална односно групна задача се проверува новостекнатото знаење односно промената во ставовите на слушателите. Методологијата на работа за секој поединечен час, како и деталната содржина на часот и целите на часот се детално разработени во четвртиот дел од овој прирачник насловен како „Модел програма за обука за правна социјализација“.

Имајќи во предвид дека овој прирачник и модел програмата за обуката дадена во него ќе бидат користени во повеќе средини од различни социјални карактеристики (урбаните односно рурални средини, социјално либерални односно социјално конзервативни средини, разлики во етничкиот и верскиот состав на населението) конкретната имплементација на програмата треба да се адаптира на локалните каракте-

ристики на средината. Токму затоа, се работи за модел програма што може да се дополнува или менува зависно од потребите на секоја од обуките.

Предавачите на обуката пожелно е да бидат возрасно поблиски до слушателите односно да бидат помлади луѓе за да можат да остваруваат непречена и директна комуникација со слушателите. Исто така, пожелно е да имаат предзнаења и вештини во областа на правото, но и во политичките науки и социологијата, стекнати во рамките на нивното формално факултетско образование.

Предавачите на обуката пожелно е да бидат и лица со способност за адаптација на различни социјални средини, сензибилни на локалните обичаи и традиции, со способност да ги препознаат веќе создадените предрасуди кај слушателите и со способност да влијаат врз менување на ставовите на слушателите, доколку е потребно, но без наметнување.

Обуката е дизајнирана за групи од 20 до 30 слушатели. Бројките одговараат на просечната бројност на одделенијата во основните училишта, односно класовите во средните училишта. Со мала адаптација на временските отсечки, обуката може да се спроведе и за групи помали од 20 слушатели. Но, не е препорачливо да се спроведува за групи поголеми од триесетина слушатели.



МОДЕЛ

# ПРОГРАМА ЗА ОБУКА ЗА ПРАВНА СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА



## час 1:

Определување и разграничување на поимите држава, демократија и правен поредок

## час 2:

Обичајни и верски норми, поделба на власта и основни правни акти

## час 3:

Основни слободи и права на човекот и граѓанинот

## час 4:

Непосредно демократско учество на граѓаните во извршувањето на власта (референдум, граѓански иницијативи и граѓански собири)

## час 5:

Владеење на правото и функционирање на правната држава

# час 1:

## ОПРЕДЕЛУВАЊЕ И РАЗГРАНИЧУВАЊЕ НА ПОИМИТЕ ДРЖАВА, ДЕМОКРАТИЈА И ПРАВЕН ПОРЕДОК

### МЕТОДОЛОГИЈА НА РАБОТА:

Индивидуална работа и групна дискусија. Кратка презентација од предавачот.

### СОДРЖИНА НА ЧАСОТ:

1. Претставување на предавачот и претставување на слушателите (5 мин.).
2. После претставувањето на слушателите, предавачот ги замолува секој на лист да напише по еден клучен збор кој го асоцира на појавите држава, демократија и право (5 мин.).
3. По завршувањето на определеното време, предавачот со помош на еден или двајца слушатели ги чита листовите и во посебни табели ги запишува идеите на слушателите за државата, демократијата и правото. При запишувањето пожелно е да ги групира зборовите според нивната сличност за да стекне првична слика за ставовите на слушателите (особено е важно да ги подвлече особено екстремните ставови. На пример, поистоветување на државата со сила или репресија, неправда, отуѓена моќ од луѓето. Поистоветување на демократијата со хаос, недостаток на контрола и немање на ред во државата. Поистоветување на правото со принуда, прогон, затвор, но и неморал спротивен на традицијата и верата, како и отфрлање или потценување на важноста на правото за животот во заедницата. Додека ги запишува поимите пожелно е да поттикнува коментари од слушателите (15 мин).
4. Предавачот го објаснува поимот држава (види во поимникот). Особено ја истакнува улогата на државата како заедница на слободни луѓе чија основна цел е да го регулира и обезбеди заедничкиот живот преку одржувањето на мирот, редот, гаранција на правата и слободите на граѓаните и нивна заштита. Се објаснуваат и поимите државјани и странци (види поимник) (5 мин.)

5. Предавачот го објаснува поимот демократија (види поимник). Особено истакнува дека современата демократија е најприфатлив начин на управување бидејќи власта мора да ја има согласноста на граѓаните. Истакнува дека согласноста се добива на избори. Ги објаснува поимите избори и избирачко право (активно и пасивно избирачко право) (види поимник). Предавачот заклучува со објаснување зошто демократијата е подобра од недемократските системи (автократија и тоталитарна држава) (види поимник) (5 мин.).
6. Предавачот го објаснува поимот право (види поимник). Особено истакнува дека правото е збир на правила кои го регулираат и овозможуваат заедничкиот живот. Објаснува дека правилата ги донесуваат демократските институции, а правилата ги регулираат правата и слободите на граѓаните, но и нивните обврски кон државата, но и меѓусебно. Објаснува дека постојат и правила кои ја регулираат работата на институциите на власта, но и начинот како се применуваат правилата кои ги пропишуваат правата, слободите и обврските на граѓаните (процедури) (10 мин.)

**Вкупно: 45 минути**

## ЦЕЛИ НА ЧАСОТ

1. Предавачот треба да се запознае со слушателите.
2. Предавачот треба да стекне првична претстава за ставовите на слушателите, особено имајќи ги во предвид претходното влијание на факторите на социјализацијата (семејство, пријатели, верски организации, медиуми, училиште).
3. Слушателите треба да стекнат основни знаења за поимите држава, демократија и правен поредок и вештини за нивно понатамошно изучување.
4. Слушателите треба да изградат став дека демократската држава не е отуѓена структура на моќ за репресија, дека демократијата е механизмот преку кој граѓаните ги искажуваат своите ставови за политичките процеси и дека правото е збир на правила кој го овозможува заедничкиот живот, а не е средство за принуда.

# час 2:

ОБИЧАЈНИ И ВЕРСКИ НОРМИ, ПОДЕЛБА
НА ВЛАСТА И ОСНОВНИ ПРАВНИ АКТИ

## МЕТОДОЛОГИЈА НА РАБОТА:

Групна работа и групна дискусија. Кратка презентација од предавачот.

## СОДРЖИНА НА ЧАСОТ:

1. Предавачот ги дели слушателите во неколку групи (зависно од бројот на слушателите, но не повеќе од 5 слушатели во група) и ги замолува да разговараат во групата, а потоа на флип чарт (голем лист за табла) да напишат по еден обичај од нивната средина и по една верска норма (правило) од религијата која се практикува во нивното семејство (доколку се практикува религија). (10 мин.).
2. По завршувањето на времето, по еден претставник од секоја група накратко го објаснува напишаното од групата (15 мин.).
3. Предавачот им ја објаснува на слушателите разликата меѓу обичаите, верските норми и правните норми односно правила (види поимник). Особено истакнува дека правните норми важат за сите граѓани на една држава и се задолжителни за нив без разлика на нивното расно, етничко, верско, јазично или културно потекло, додека обичаите се разликуваат од место во место, а верските норми важат само за верниците. Предавачот истакнува дека поради тоа што правните норми важат за сите, тие мораат да бидат применувани од сите, додека за обичаите и верските норми одлуката дали ќе се примени или нема да се примени некој обичај или верска норма е слободна, зависно од волјата на поединците или нивната локална заедница. (5 мин.)
4. Предавачот објаснува дека правните норми се создаваат и се применуваат со правните акти. Тој им објаснува дека правните акти ги донесуваат институциите, како на државно, така и на локално (општинско) ниво. Предавачот ја објаснува поделбата на власта на законодавна, извршна и судска власт, како и локалната (општинска) власт. Тој им објаснува која е улогата на секоја

од властите во уставниот систем односно правниот поредок и какви акти донесуваат институциите во рамките на системот на поделба на власта (види поимник). (10 мин.).

5. Предавачот им ги објаснува поимите на уставот и законот како најважни правни акти во хирерахијата на правниот поредок. Особено истакнува дека во уставот се регулирани основните човекови права и слободи во правниот поредок на една држава (види  поимник) (5 мин.)

**Вкупно: 45 минути**

## ЦЕЛИ НА ЧАСОТ

1. Предавачот треба да стекне претстава за локалните карактеристики на заедницата кадешто ја држи обуката (преку локалните обичаи, но и верските навики на населението), а преку тоа и можните предрасуди на слушателите имајќи ги во предвид претходното влијание на факторите на социјализацијата (семејство, пријатели, верски организации, медиуми, училиште).
2. Слушателите треба да стекнат основни знаења за разликите меѓу правото и останатите општествени нормативни системи (обичаи, верска традиција) и вештини за нивно понатамошно изучување.
3. Слушателите треба да изградат став дека правниот поредок е заеднички за сите и не поврзува и покрај нашите културни разлики. Тие треба да изградат став дека сите сме, првенствено, обврзани со правниот поредок, а потоа со локалните обичаи и верските традиции.
4. Слушателите треба да стекнат основни знаења за системот на поделба на власта на централно ниво (законодавна, извршна и судска власт) и за улогата на локалната власт.
5. Слушателите треба да стекнат основни знаења за уставот и законите како основни и најважни правни акти (на врвот на хиерархијата на правниот поредок).

# час 3:

ОСНОВНИ СЛОБОДИ И ПРАВА НА
ЧОВЕКОТ И ГРАЃАНИНОТ

## МЕТОДОЛОГИЈА НА РАБОТА:

Групна дискусија. Кратка презентација од предавачот. Групна истражувачка работа.

## СОДРЖИНА НА ЧАСОТ:

1. Предавачот, по случаен избор или со доброволно пријавување од страна на слушателите, ги прашува дали знаат што се човековите права и дали можат да набројат, барем, едно човеково право. (5 мин.).
2. После кусата групна дискусија, предавачот го објаснува поимот на човековите права и слободи. Особено внимателно и илустративно зборува за историјатот на човековите права и слободи (види поимник) (10 мин.).
3. После објаснувањето на поимот на човековите права и слободи и краткиот историјат на нивниот развој, предавачот, повторно, се навратува на поимот на уставот и на делот од уставот каде се регулирани основните слободи и права на човекот и граѓанинот.

   Предавачот, особено, ја истакнува и објаснува поделбата на лични права, граѓански и политички права, економски и социјални права и културни и малцински права (види поимник). (10 мин).
4. Предавачот ги дели слушателите во неколку групи (зависно од бројот на слушателите, но не повеќе од 5 слушатели во група) и ги замолува во Уставот на Република Северна Македонија (да им биде дадена печатена верзија или да го побараат на интернет, доколку имаат пристап до компјутер со интернет врска) да изберат едно пропишано право, да ја дискутираат содржината на правото, а потоа на флип чарт (голем лист за табла) да го објаснат тоа право, како што е пропишано со уставот.  (10 мин.)
5. По завршувањето на времето, по еден претставник од секоја група накратко го објаснува напишаното од групата (10 мин.).

**Вкупно: 45 минути**

## ЦЕЛИ НА ЧАСОТ

1. Предавачот треба да стекне претстава за локалните карактеристики на заедницата кадешто ја држи обуката (преку локалните обичаи, но и верските навики на населението), а преку тоа и можните предрасуди на слушателите имајќи ги во предвид претходното влијание на факторите на социјализацијата (семејство, пријатели, верски организации, медиуми, училиште).
2. Слушателите треба да стекнат основни знаења за разликите меѓу правото и останатите општествени нормативни системи (обичаи, верска традиција) и вештини за нивно понатамошно изучување.
3. Слушателите треба да изградат став дека правниот поредок е заеднички за сите и не поврзува и покрај нашите културни разлики. Тие треба да изградат став дека сите сме, првенствено, обврзани со правниот поредок, а потоа со локалните обичаи и верските традиции.
4. Слушателите треба да стекнат основни знаења за системот на поделба на власта на централно ниво (законодавна, извршна и судска власт) и за улогата на локалната власт.
5. Слушателите треба да стекнат основни знаења за уставот и законите како основни и најважни правни акти (на врвот на хиерархијата на правниот поредок).

# час 4:

НЕПОСРЕДНО ДЕМОКРАТСКО УЧЕСТВО НА ГРАЃАНИТЕ ВО ИЗВРШУВАЊЕТО НА ВЛАСТА (РЕФЕРЕНДУМ, ГРАЃАНСКИ ИНИЦИЈАТИВИ И ГРАЃАНСКИ СОБИРИ)

## МЕТОДОЛОГИЈА НА РАБОТА:

Групна дискусија. Кратка презентација од предавачот. Групна работа.

## СОДРЖИНА НА ЧАСОТ:

1. Предавачот, по случаен избор или со доброволно пријавување од страна на слушателите, дали активно учествуваат во школската заедница (ако постои како организирана форма на учениците) или дали некогаш подготвиле петиција до училишната управа (директор или наставнички совет). (5 мин.).
2. После кусата групна дискусија, предавачот го објаснува поимот на непосредна демократија и ги набројува видовите на непосредна демократија (види поимник) (5 мин.).
3. После објаснувањето на поимот на непосредната демократија, предавачот ги објаснува референдумот, граѓанските законодавни иницијативи и петициите и граѓанските собири (на пример, во урбаните или месните заедници) како облици на непосредна демократија (види поимник). (10 мин).
4. Предавачот ги дели слушателите во неколку групи (зависно од бројот на слушателите, но не повеќе од 5 слушатели во група) и ги замолува да подготват петиција до собранието, владата, градоначалникот или советот на општината за некое прашање што ги засега и за кое сакаат да предложат решение. (15 мин.)
5. По завршувањето на времето, по еден претставник од секоја група накратко го објаснува напишаното од групата (10 мин.).

**Вкупно: 45 минути**

## ЦЕЛИ НА ЧАСОТ

1. Предавачот треба да стекне првична слика за активизмот и, генерално, желбата за активизам на слушателите во училиштето и/или локалната заедница, вклучително и членство во граѓански организации или неформални групи. Особено е важно да стекне претстава дали факторите за социјализација (семејството, школото, средината) и нивните, можни, конзервативни односно патријархални ставови и евентуалната парохијална граѓанска култура имаат негативно влијание врз желбата за активизам кај слушателите.
2. Слушателите треба да се запознаат со поимот на непосредната демократија и видовите на непосредна демократија, како референдумот, граѓанските законодавни иницијативи, петициите и граѓанските собири.
3. Слушателите треба да стекнат основни вештини за подготовка на петиција со која бараат решавање и предлагаат решение на проблем што ги засега.
4. Слушателите треба да изградат став за пожелноста од граѓански активизам во заедницата, вклучително и позитивен став кон преземањето на одговорност за предлагање на одлуки и непосредно учество во донесувањето на одлуките преку гласање.

# час 5:

## ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО И ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ПРАВНАТА ДРЖАВА

### МЕТОДОЛОГИЈА НА РАБОТА:

Групна дискусија. Кратка презентација од предавачот. Групна истражувачка работа.

### СОДРЖИНА НА ЧАСОТ:

1. Предавачот, по случаен избор или со доброволно пријавување од страна на слушателите, ги прашува дали сметаат дека сите луѓе треба да се еднакви во правата и дали ги почитуваат правните норми поради страв од казна или бидејќи сметаат дека е добро да се почитуваат правните норми. (10 мин.).
2. После кусата групна дискусија, предавачот го објаснува принципот на еднаквост на сите пред законот како столб на владеењето на правото. Понатаму, предавачот објаснува дека за правниот поредок е пожелно автономното применување на правото, но доколку тие на кои се однесува правната норма не ја почитуваат доброволно нормата, тогаш следи санкција (хетерономно применување на правото) (види поимник) (5 мин.).
3. После воведниот дел за принципот на еднаквост на законот, предавачот ги објаснува граѓанско правните деликти и граѓанско правната одговорност, како и кривичните дела и кривично правната одговорност за непочитувањето на правото. Предавачот особено ги објаснува правните последици односно санкциите за непочитување на правото, а пред се надоместот на штетата, паричната казна и казната затвор. Во однос на кривичните санкции, предавачот ги објаснува целите на казнувањето, а особено генералната и специјалната превенција и ресоцијализацијата. (види  поимник). (15 мин).
4. Предавачот ги дели слушателите во неколку групи (зависно од бројот на слушателите, но не повеќе од 5 слушатели во група) и ги замолува да го пополнат прашалникот за евалуција на обуката. (10 мин.)

5. По завршувањето на евалуацијата, предавачот со завршно обраќање ја сумира обуката и ги мотивира слушателите да продолжат да се образуваат и да истражуваат за своите права и обврски во рамките на нашиот правен поредок, како и да веруваат во можноста за остварување на правдата преку правниот поредок (5 мин.).

**Вкупно: 45 минути**

## ЦЕЛИ НА ЧАСОТ

1. Слушателите треба да се запознаат со принципот на еднаквост на сите пред законот како основен столб на владеењето на правото.
2. Слушателите треба да се запознаат со правните последици од непочитувањето на правото, а особено со граѓанско правната и крвично правната одговорност, како и со основните граѓански и кривични санкции.
3. Слушателите треба да сфатат дека целта на кривичните санкции не е единствено одмазда кон поединецот за стореното дело, туку целта е генерална и специјална превенција, но и повторната ресоцијализација на осудените лица на казна затвор и нивно враќање во нормалниот општествен живот после завршувањето на казната.

# doracak

PËR TRAJNIM
NË TEMËN E
SOCIALIZIMIT
JURIDIK PËR
NXËNËSIT NË
VITIN E FUNDIT
TË ARSIMIT FILLOR
DHE TË MESËM

# përmbajtja

I
HYRJE NË NOCIONIN E SOCIALIZIMIT JURIDIK faq. 38

II
FJALORTH PËR NOCIONET DHE SHPREHJET E PËRDORURA NË PROGRAMIN E TRAJNIMIT faq. 42

III
METODOLOGJIA E PËRGATITJES DHE REALIZIMIT TË TRAJNIMIT faq. 52

IV
PROGRAMI MODEL PËR TRAJNIM NË FUSHËN E SOCIALIZIMIT JURIDIK faq. 56

# HYRJE

# NË NOCIONIN E SOCIALIZIMIT JURIDIK

Socializimi juridik është një proces nëpër të cilin njerëzit, në veçanti të rinjtë, e zhvillojnë qëndrimin e tyre, përkatësisht fitojnë njohuri dhe ndërtojnë qëndrime për të drejtën, përkatësisht për institucionet juridike, proceset juridike (ligjshmëritë sipas të cilave vepron ligji), si dhe vlerat juridike në një rend juridik konkret ose në një grup të rendeve juridike me tipare të përbashkëta.

Qëndrimi ndaj të drejtës, përkatësisht ndërtimi i qëndrimeve mund të ndodh në dy mënyra: heteronome dhe autonome.

Ndërtimi heteronom i qëndrimeve ndodhë për shkak të kërcënimit nga përdorimi i forcës ose përdorimit faktik të forcës si dhe masave të tjera represive nga shteti, përkatësisht nga institucionet e tij që janë ligjërisht të autorizuara ta bëjnë atë.

Ndërtimi autonom i qëndrimeve ndodh përmes mësimit, bindjeve dhe arsyetimit kritik, ndërtimit të konsensusit rreth institucioneve shtetërore-juridike, pro-ceseve dhe vlerave. Sistemi më i rën-dësishëm që e mundëson ndërtimin autonom të qëndrimeve është arsimi, si

arsimi formal ashtu edhe ai joformal. Natyrisht, sistemi arsimor duhet të jetë i organizuar në bazë të parimeve demokratike, përkatësisht mësimi dhe trajnimi të zhvillohet nëpërmjet analizës kritike të realitetit shoqëror, mirëpo dhe të lihet hapësirë për pluralizëm të ideve dhe qëndrimeve, si dhe kritikave ndaj qëndrimeve dhe mendimeve dominuese. Ndërtimi autonom i qëndrimeve nuk rezulton thjeshtë me pranimin e rendit ekzistues shtetëror-juridik, mirëpo rezultati i dëshiruar nënkupton pranimin e rrugës institucionale drejt ndryshimit të rendit dhe ndërtimit të rregullave të reja të përgjithshme të detyrueshme. Në këtë drejtim, ndërtimi autonom i qëndrimeve për rendin është garancia më e mirë për pranimin e paqes, lirisë dhe rendit si vlera legjitime të rendit juridik dhe shmangien e radikalizimit, përkatësisht urrejtjes dhe jotolerancës, si dhe dhunës së nxitur nga ideologji radikale.

